Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**МФРСМ.Ф.8.5/9-2**

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**февруари 2025 година**

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** .......... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** .......... **3**

Индустриско производство .......... 3

Број на работници во индустријата .......... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар .......... 5

Индекси на прометот во индустријата .......... 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .......... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти .......... 7

Промет во секторот трговија .......... 8

Инфлација .......... 8

Берзански цени .......... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** .......... **11**

Извоз .......... 12

Увоз .......... 13

Салдо на трговска размена .......... 14

Валутна структура .......... 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** .......... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација .......... 15

Расходи по буџетски корисници .......... 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** .......... **19**

Плати .......... 20

Пензии .......... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** .......... **21**

Примарни пари .......... 22

Депозитен потенцијал .......... 22

Кредити на банките .......... 23

Каматни стапки на депозитни банки .......... 23

Пазар на капитал .......... 24

Девизни резерви .......... 24

# Р Е З И М Е
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА
## февруари 2025 година

- Во февруари 2025 година, индустриското производство забележа пад од 0,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во февруари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 7,4% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во февруари 2025 година во однос на февруари 2024 година бележи пад од 1,1%;
- Стапката на инфлација во февруари 2025 година изнесува 5,0% на годишно ниво и овој месец регистрира забрзување на растот (4,9% во јануари 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,5%;
- Во периодот јануари - февруари 2025 година, извозот забележа раст од 1,8%, а увозот од 5,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 12,6% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – февруари 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 47.538 милиони денари, што претставува 13,3% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 6,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – февруари 2025 година изнесува 54.852 милиона денари, што претставува 13,7% од годишниот план и бележи намалување од 1,8% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во февруари 2025 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 11,5% во споредба со февруари 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во февруари 2025 година, индустриското производство забележа пад од 0,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен за 4,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,7%, додека зголемување на производството се забележува во секторот Преработувачка индустрија за 1,7%.

Раст на производството во февруари 2025 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 36,1% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во февруари 2025 година раст е забележан кај производството на метали за 19,4% со придонес од 0,6 п.п. и кај производството на електрична опрема за 0,3% со придонес од 0,0 п.п., додека намалување бележат гранките производство на машини и уреди за 14,2% со придонес од -0,8 п.п. и производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 11,0% со придонес од -1,9 п.п..

Графикон 1.1: Индустриско производство (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во февруари 2025 година зголемување на производството се забележува во гранките: производство на тутунски производи за 238,7% со придонес од 2,5 п.п., производство на кожа за 4,8% со придонес од 0,0 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 142,8% со придонес од 1,2 п.п. и производство на облека за 5,2% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производство на пијалаци за 0,1% со придонес од 0,0 п.п., производството на текстил за 12,4% со придонес од -0,6 п.п. и прехранбена индустрија за 1,7%, со придонес од -0,2 п.п..

Во февруари 2025 година, споредено со истиот месец минатата година, индустриското производство според намената на произведените единици е намалено во групите: Енергија (пад од 8,3% со придонес од -0,7 п.п.) и Капитални производи (пад од 12,1% со придонес од -3,1 п.п.), а зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 11,7% со придонес од 3,5 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 13,2% со придонес од 0,6 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 1,9% со придонес од 0,6 п.п.).




Графикон 13а: Гранки со позитивен придонес во растот
(стапки на раст во %, февруари 2025 година)




Графикон 13б: Гранки со негативен придонес во растот
(стапки на раст во %, февруари 2025 година)

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - февруари 2025 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (за 13,8%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 16,4%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 2,1%), додека пад се бележи во групите: Енергија (за 8,4%) и Капитални производи (за 10,4%).

## Број на работници во индустријата

Во февруари 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,1% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,3%, Преработувачка индустрија за 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 30,8%, Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 7,9% и Производство на пијалаци за 3,7%.




Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата
(стапки на раст во %)

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Трајни производи за широка потрошувачка за 18,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2025 година бележи пад за 3,8%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,0%, Преработувачка индустрија за 4,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2025 година е зголемен само во секторот Трајни производи за широка потрошувачка за 20,1%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во февруари 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 7,4% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 26,0% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%. Продажните цени во секторот Рударство и вадење камен се намалени за 1,1%.

**Графикон 15:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во февруари 2025 година во споредба со февруари 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 23,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 2,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,6% и Нетрајни производи за 6,0%.

**Графикон 16:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – февруари 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,7%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 21,6% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 1,1%.

Во периодот јануари - февруари 2025 година во споредба со истиот период минатата година, се забележува зголемување на продажните цени на производителите на индустриски производи, и тоа во групите: Енергија за 19,6%, Интермедијарни производи, освен енергија за 2,2%, Производи за широка потрошувачка за 5,9% и Нетрајни производи за 6,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во февруари 2025 година во однос на февруари 2024 година бележи пад за 1,1%. Падот се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 1,3%, додека во секторот Рударство и вадење на камен е забележан раст за 4,9%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во февруари 2025 година во споредба со истиот месец претходната година, прометот во индустријата се зголеми само во групата Интермедијални производи, освен енергија за 4,4%, додека пад се забележува во групите Капитални производи за 4,2%, Трајни производи за широка потрошувачка за 2,7% и кај Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,9%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во февруари 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на тутунски производи (раст од 75,5%);
- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 62,4%) и
- Производство на кожа и слични производи на кожа (раст од 50,4%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст за 3,5%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 21,1% и Прерабоувачка индустрија за 3,0%.

Во периодот јануари - февруари 2025 година во споредба со периодот јануари – февруари 2024 година, прометот во индустрија се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 8,5%, Трајни производи за широка потрошувачка за 5,3% и Капитални производи за 2,7%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Графикон 1.8: Одобренија за градење и вредност на работите
(број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Во февруари 2025 година издадени се вкупно 272 одобренија за градење, што претставува пад од 29,7% во однос на истиот месец од 2024 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 19,9% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 50,4%) и за реконструкција на објекти за 36,1%. Споредено со јануари 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење

е намален за 14,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2025 година е пониска за 44,4% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 15,1%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 137 (или 50,4%) се наменети за објекти од високоградба, 73 (или 26,8%) за објекти од нискоградба и 62 (или 22,8%) за објекти за реконструкција.



Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони (февруари 2025)

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 272 издадени одобренија за градење, на 122 објекти (или 44,9%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 150 објекти (или 55,1%) инвеститори се деловни субјекти.



Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)

Со издадените одобренија за градење во февруари 2025 година предвидена е изградба на 635 станови со вкупна корисна површина од 51.075м². Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 16,3% на месечно ниво, а за 33,2% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во јануари 2025 година изнесува 1.762 милиона денари, што претставува номинален годишен пад од 18,7%, при што пад за 12,1% се забележува кај високоградбата, а за 23,6% кај нискоградбата, додека кај специјализираните градежни работи се забележува раст за 31,8%. Споредено со декември 2024 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи пад за 72,3%, и тоа кај високоградбата за 78,4%, кај нискоградбата за 69,2% и кај специјализираните градежни работи за 48,2%.



**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)

## Промет во секторот трговија

Во февруари 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 4,1%, по растот од 3,8% во јануари 2025 година. Вредноста на прометот во февруари 2025 година изнесува 63.306 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - февруари 2025 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 124.598 милиони денари, што е за 3,9% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во перидот јануари - февруари 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 67.696 милиони денари, што е за 4,8% повеќе во споредба со иститот месец минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 50.197 милиони денари, односно за 4,0% повеќе во однос на истиот месец минатата година, додека пад е забележан кај трговија со моторни возила и поправки вредноста, каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 6.705 милиони денари или за 4,6% помалку во однос на истиот месец претходната година.

На реална основа, во февруари 2025 година трговијата на мало бележи годишен раст од 1,2%. Анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 2,6%, и трговија на мало со автомобилски горива за 1,1%, додека намалување се забележува во групата трговија на мало со непрехранбени продукти, и тоа за 0,8%.

Во февруари 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,7%), а потоа следуваат Трговија на мало (39,1%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,2%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во февруари 2025 година изнесува 5,0% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (4,9% во јануари 2025 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од прехранбената компонента, која последните месеци регистрира раст. Просечната стапка на инфлацијата во периодот јануари - февруари 2025 година изнесува 5,0%.

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во февруари 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрира забавување споредено со претходниот месец и изнесува 5,8% на годишна основа (6,3% во јануари). Овој месец, најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,5 п.п.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во февруари 2025 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваа 6,6% и забележаат забавување на растот во споредба со претходиниот месец (5,7% во јануари), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во февруари изнесува 2,7 п.п. и тој е зголемен за 0,4 п.п. во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: млеко, сирење и јајца (годишен раст од 8,1%, придонес од 0,6 п.п.), месо (годишен раст од 6,5%, придонес од 0,6 п.п.), безалкохолни пијалаци (годишен раст од 17,6%, придонес од 0,5 п.п.), зеленчук (годишен раст од 8,7%, придонес од 0,4 п.п.), кафе, чај, какао (годишен раст од 19,2%, придонес од 0,3 п.п.) и тутун (годишен раст од 7,0%, придонес од 0,3 п.п.).

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во февруари 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели, и тоа од 12,2% (придонес во раст на вкупна инфлација од 0,7 п.п.). Раст на цените е регистриран и во следните категории: Рекреација и култура од 6,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,8[1]%, Разновидни стоки и услуги од 4,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,9%, Здравствена заштита од 3,8%, Облека и обувки од 3,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,7%, Комуникации од 1,6%, Транспорот од 1,0% и Образование од 0,3%.

Во февруари, потрошувачките цени се зголемија за 0,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,2%). Растот на цените на месечно ниво се должи, пред сè на растот на цените на храната. Овој месец цените на храната регистрираа раст од 1,4% на месечно ниво.

Во февруари 2025 година, цените на мало се зголемија за 4,2% на годишно ниво и тие забележуваат забавување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа пад од 0,6%.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во февруари 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесуваше 2,4%[2]. Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација, на краток рок се очекува благо намалување на 2,3% во 2025 година, пред да се

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 беше воведена нова цена на тутунот.

[2] Податокот е процена на Евростат

намали на 1,9% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Во 2025 година се очекува мало намалување на вкупната инфлација. Ова главно се должи на повисоката инфлација на храната и нагорните базни ефекти на цените на енергијата кои во голема мера ги неутрализираат надолните влијанија од опаѓачката инфлација. Како што исчезнуваат основните ефекти во енергетската инфлација, намалување на вкупната инфлација се очекува на почетокот на 2026 година.

## Берзански цени

Во февруари 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 5,1% на месечно ниво и изнесува 75,2 долари за барел. Намалувањето се должи на повеќе фактори, како што се зголемената понуда на нафта на земјите што не се дел од ОПЕК+ и воведувањето на тарифите кои ја зголемија загриженоста за глобалниот економски раст, што може да ја намали побарувачката за нафта. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 10,3%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во февруари 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 3,5% на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои геополитичките тензии поради кои Русија го прекина протокот на гас кон Европа преку Украина, временските услови и намалените резерви на гас поради намаленото производство на гас од обновливи извори на енергија. Овие фактори, како и сè уште присутните инфлациски притисоци ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Овој месец, цената на природниот гас се зголеми за 92,9% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), во февруари 2025 година, цената на електричната енергија изнесува 158,88 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 13,3%. Цените на електричната енергија регистрираат

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

зголемување поради растот на цените на природниот гас и зголемената побарувачка. Овој месец, цената на електричната енергија се зголеми за 129,1% на годишно ниво.

Во февруари 2025 година, цените на повеќето основни метали регистрираа зголемување на месечно ниво: на оловото за 1,8%, на алуминиумот за 3,3%, бакарот за 3,8% и на калајот за 7,5%. Цените на никелот и цинкот се намалија за по 0,7%. Цената на железната руда се зголеми за 5,5% на месечно ниво.

На месечна основа, во февруари 2025 година цените на благородните метали регистрираа раст на месечно ниво па така цената на златото се зголеми за 6,8%, на среброто за 5,7% и на платината за 3,1%.

Во февруари, цените на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 3,0%, и 5,6%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 1,1% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2025 година изнесува 3.063,6 милиони евра и бележи раст од 3,8% во однос на истиот период минатата година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

Во периодот јануари - февруари 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,5 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 59,8%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеци од 2025 година изнесува 20,8% и е намалено за 2,8 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите два месеца од 2025 година изнесува 1.229,4 милиони евра и бележи раст од 1,8% (21,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 1,8% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2025 година изнесува 650,5 милиони евра и бележи пад од 1,0% (6,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 1,8% споредено со февруари 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2025 година, извозот бележи раст од 12,4% (71,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 3,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (16,0 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите два месеца од 2025 година е зголемена за 6,7 милиони евра, што претставува раст од 10,4% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е зголемена за 5,3%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната изнесува 5,8% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество

има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (39,0%), жита и преработки од жита (27,6%), кафе, чај, какао и зачини (9,3%) и млечни производи и јајца (7,4%).

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - февруари 2025 година споредено со истиот период од 2024 година, извозот бележи раст во групациите: ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, а пад во групациите: ЕУ 27, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 0,9% на годишно ниво и учествува со 77,7% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 1,1% и учествува со 12,3% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите два месеца од 2025 година изнесува 1.834,2 милиона евра и бележи раст од 5,1% (89,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 16,0%.

Вредноста на увозот во февруари 2025 година изнесува 984,9 милиони евра и бележи раст од 4,3% (40,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 13,7% споредено со февруари 2024 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2025 година увозот бележи раст од 16,0% (135,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 1,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (14,5 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите два месеца од 2025 година е зголемена за 11,1 милион евра, што претставува раст од 6,6% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,1%. Во структурата на вкупниот увоз на нашата земја во

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

првите два месеца од 2025 година, учеството на храната изнесува 9,7% и е зголемено за 0,1 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,4%), овошје и зеленчук (16,8%), жита и преработки од жита (13,0%), кафе, чај, какао и зачини (11,9%) и млечни производи и јајца (10,3%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 13,6 | 12,4 | -1,2 | -8,7 |
| Мил.ЕУР | 11,6 | 9,5 | -2,1 | -18,1 |
| Мил.$ | 12,5 | 9,8 | -2,7 | -21,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 175,2 | 161,7 | -13,5 | -7,7 |
| Мил.ЕУР | 134,0 | 117,6 | -16,4 | -12,2 |
| Мил.$ | 145,4 | 122,0 | -23,5 | -16,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 3,3 | 8,7 | 5,4 | 162,6 |
| Мил.ЕУР | 290,3 | 273,6 | -16,7 | -5,8 |
| Мил.$ | 314,7 | 284,3 | -30,4 | -9,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 4,8 | 4,9 | 0,1 | 1,0 |
| Мил.ЕУР | 27,9 | 28,4 | 0,5 | 1,8 |
| Мил.$ | 30,3 | 29,5 | -0,7 | -2,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 124,7 | 122,9 | -1,8 | -1,5 |
| Мил.ЕУР | 98,2 | 90,2 | -8,0 | -8,1 |
| Мил.$ | 106,5 | 93,6 | -12,9 | -12,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2024 | I-II-2025 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 96,2 | 132,6 | 36,4 | 37,8 |
| Мил.ЕУР | 67,6 | 83,8 | 16,2 | 24,0 |
| Мил.$ | 73,3 | 87,0 | 13,7 | 18,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во февруари 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 16,5%, односно 47,3 милиони евра, споредено со февруари 2024 година.

Во периодот јануари - февруари 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 12,6%, односно 67,8 милиони евра, споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот се должи на зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во првите два месеца од 2025 година, 90,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат Турција, Србија, Полска,

Бугарија, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,1% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 92,4% и 90,2%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 3,5 п.п, а кај увозот за 0,7 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-II-2024 | | | | | I-II-2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 910,7 | 1.586.545.274 | 61,6493 | 97.809.405.574 | 90,9 | 1.063,2 | 1.654.888.387 | 61,5284 | 101.822.634.643 | 90,2 | 68.343.113 | 4,3 |
| УСД | 80,2 | 152.670.053 | 56,7728 | 8.667.506.403 | 8,1 | 86,7 | 170.071.352 | 59,2858 | 10.082.816.181 | 8,9 | 17.401.299 | 11,4 |
| ГБП | 0,6 | 5.092.035 | 71,9372 | 366.306.705 | 0,3 | 0,3 | 3.005.921 | 73,6740 | 221.458.254 | 0,2 | -2.086.113 | -41,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 991,4 | | | 106.843.218.682 | 99,0 | 1.150,2 | | | 112.126.909.079 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 994,2 | | | 107.589.010.633 | 100,0 | 1.153,7 | | | 112.862.258.194 | 100,0 | | 4,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – февруари 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 47.538 милиони денари, што претставува 13,3% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 6,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 43.866 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 13,7% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 8,0% во однос на претходната година. Притоа, реализацијата на даночните приходи изнесуваше 26.580 милиони денари (реализација од 13,4% од планираниот износ за 2025 година), додека на придонесите 17.050 милиони денари (годишен раст од 9,7%, односно 14,6% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 0,5%, данок на добивка за 6,9%, данок на додадена вредност за 9,4%, акцизи за 4,6% и увозни давачки за 18,2%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 34,9%. Во овој период, неданочните приходи забележаа намалување за 13,5%, капиталните приходи за 20,0%, додека приходите по основ на странски донации забележаа раст за 47,7%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – февруари 2025 година изнесува 54.852 милиона денари, што претставува 13,7% од годишниот план, и бележи намалување од 1,8% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, реализацијата на тековните расходи изнесуваше 51.966 милиони денари или 14,7% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 3,2% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 10,2% и кај каматните расходи за 29,9%. Расходите за стоки и услуги се намалени за 7,0%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 0,8%, водени од растот на социјалните трансфери за 5,0%, расходите за здравствена заштита за 3,6%, блок и наменските дотации за 7,0%. Овој период расходите за субвенции и трансфери беа намалени за 27,2%. Реализацијата на капиталните расходи изнесуваше 2.886 милиони денари и тие се пониски за 47,2% во споредба со истиот период од 2024 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – февруари 2025 година во однос на планираниот износ изнесуваше 6,1%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ во периодот јануари – февруари 2025 година**

| | Буџет 2025 | јануари-февруари 2025 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **47.538** | **6,5%** | **13,2%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **43.866** | **8,0%** | **13,7%** |
| Даноци | 198.607 | 26.580 | 6,9% | **13,4%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 4.766 | 0,5% | **13,4%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 2.523 | 6,9% | **10,8%** |
| ДДВ | 86.692 | 12.343 | 9,4% | **14,2%** |
| Акцизи | 35.388 | 4.573 | 4,6% | **12,9%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 2.239 | 18,2% | **13,8%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 136 | -34,9% | **10,4%** |
| Придонеси | 117.095 | 17.050 | 9,7% | **14,6%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **3.078** | **-13,5%** | **11,7%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **136** | **-20,0%** | **3,9%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **458** | **47,7%** | **4,7%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **54.852** | **-1,8%** | **13,7%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **51.966** | **3,2%** | **14,7%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 7.459 | 10,2% | **15,5%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 2.869 | -7,0% | **10,9%** |
| Трансфери | 257.721 | 38.027 | 0,8% | **14,8%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 29.008 | 5,0% | **15,2%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 18.819 | 6,1% | **15,7%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.439 | 254 | -0,4% | **7,4%** |
| Социјална помош | 15.080 | 2.435 | 2,0% | **16,1%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 7.500 | 3,6% | **14,3%** |
| Други трансфери | 64.211 | 8.751 | -10,5% | **13,6%** |
| Камата | 20.845 | 3.611 | 29,9% | **17,3%** |
| **Капитални расходи** | **47.156** | **2.886** | **-47,2%** | **6,1%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-7.314** | **-34,7%** | **17,7%** |

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-февруари 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-февруари 2025 година




Извор: Министерство за финансии

Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – февруари 2025 година беше остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 7.314 милиони денари, што претставува 0,7% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 17,7% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – февруари 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 15.753 милиони денари или 23,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (78,6%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што беа потрошени 12.384 милиони денари или 25,8% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 15,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 16,9% (2.401 милион денари) од планираните за 2025 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (*јануари-февруари 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 6.710 милиони денари, што е 15,5% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (56,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 3.805 милиони денари или 15,9% од вкупно планираните средства. Плати и

надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 21,6%, за што беа потрошени 1.448 милиони денари, односно 15,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 2.068 милиони денари, што претставува 12,9% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 77,5%, за што беа потрошени 1.603 милиони денари или 16,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,1%. За таа намена беа реализирани 353 милиони денари или 11,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 578 милиони денари што претставува 7,1% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 93,1% во вкупните расходи, беа реализирани 7,6% од планираните средства за цела година, односно 538 милиони денари.

Во периодот јануари – февруари 2025 година, Министерството за одбрана реализира 3.619 милиони денари, што е 17,7% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 47,4%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.717 милиони денари (20,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 29,0% во вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 1.051 милион денари, односно 15,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 747 милиони денари, односно 10,9% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 58,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а беа реализирани во износ од 438 милиони денари (8,4% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 224 милиони денари или 2,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 64,2%, за што беа потрошени 144 милиони денари или 4,1% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Капитални расходи со реализација од 46 милиони денари (8,4% од планираното за годината) и учество од 20,4% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – февруари 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 375 милиони денари, што е 2,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 72,6% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (272 милиона денари или 1,7% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 229 милиони денари, што претставува 12,4% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (131 милион денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 57,2%, а притоа беа реализирани 15,4% од планираните. По основ на Капитални расходи отпаѓаат 29,0% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 66 милиони денари или 10,8% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во февруари 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 30.560 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 11,5%.




Од вкупниот број нововработени, 42,8% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во февруари 2025 година, 14,0% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица во февруари 2025 година изнесува 141.979, од кои 97.297 лице се активни баратели на работа, а 44.682 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,7%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јануари 2025 година, бројот на невработени е зголемен за 1.032 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (58,7%) е градско население, а според половата структура 48,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,7% е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во јануари 2025 година изнесувала 43.050 денари и остварила годишен раст од 8,9%, а во однос на декември 2024 година таа е пониска за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јануари 2025 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (15,6%), Административни и помошни услужни дејности (12,0%) и Образование (11,4%). Во јануари 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 3,8%. Највисока просечна нето-плата во јануари 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (80.215 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (99.367 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 57.903 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.598 денари и секторот Рударство и вадење камен со 56.233 денари.



Графикон 4.3: Просечна нето-плата (годишни стапки на раст во %)

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2025 година изнесувала 64.697 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 8,9%, а на месечна основа таа е пониска за 1,4%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јануари 2025 година во однос на јануари 2024 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (15,1%), Административни и помошни услужни дејности (12,1%) и Образование (11,5%).



Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори (годишни стапки на раст во %)



Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, јануари 2025 година (во илјада денари)

## Пензии

Во февруари 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 342.313 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од

вкупниот број пензионери, 71,1% се корисници на старосна пензија или 243.318 пензионери, 21,6% на семејна пензија или 73.925 пензионери и 7,3% на инвалидска пензија, односно 25.070 пензионери.




Просечната пензија во февруари 2025 година изнесува 23.694 денари односно за 17,9% повисока во однос на истиот месец од 2024 година[4]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,1%.

Просечната старосна пензија во февруари 2025 година изнесува 25.326 денари, просечната инвалидска пензија 21.268 денари, а просечната семејна пензија 19.145 денари. Овој месец, за исплата на пензиите беа потрошени 8.002 милиона денари, што претставува 54,4% од вкупните социјални трансфери.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за февруари 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| Старосни | 243.318 | 71,1% | 25.326,00 |
| Инвалидски | 25.070 | 7,3% | 21.268,00 |
| Семејни | 73.925 | 21,6% | 19.145,00 |
| Вкупно | 342.313 | 100,0% | 23.709,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 34 | | 13.432,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 722 | | 32.247,00 |
| **Вкупно** | 343.069 | | 23.711,00 |

**Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија**

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во февруари 2025 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за 0,20 п.п. на нивото од 5,35%. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која започна со намалување на каматните стапки од септември 2024 година.

Во февруари 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

## Примарни пари

Во февруари 2025 година, примарните пари[5] се намалија за 0,4% на месечно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на готовите пари во оптек за 1,8%, додека вкупните ликвидни средства регистрираа раст од 1,1%.




Во февруари 2025 година, примарните пари се зголемија за 10,1% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек за 12,3% и на вкупните ликвидни средства за 7,9%.

## Депозитен потенцијал[6]

Во февруари 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалија за 1,0%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,8%.




Од аспект на валутата, во февруари 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 1,2%, додека депозитите во странска валута се намалија за 0,7%.

Во февруари 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,1%, а депозитите во странска валута за 3,2%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 7,4% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 13,1%.

[5] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[6] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***595.277*** | ***0,4%*** | ***11,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *355,612* | *1,2%* | *17,1%* |
| *Странска валута* | *239.665* | *-0,7%* | *3,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *220.442* | *-0,6%* | *1,2%* |
| *Долгорочни* | *150.940* | *1,3%* | *23,0%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***499.497*** | ***1,1%*** | ***11,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *308.085* | *1,6%* | *18,1%* |
| *Странска валута* | *191.413* | *0,3%* | *2,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *78.314* | *2,4%* | *13,8%* |
| *Долгорочни* | *405.131* | *0,9%* | *11,8%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 1,2%, а долгорочните депозити за 23,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 59,7%.

## Кредити на банките

Во февруари 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,1% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 1,5% и раст кредитирањето на домаќинствата за 0,7%

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,6% и 0,3%, соодветно.

На годишна основа, во февруари 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 11,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,3% и 8,9%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 18,1%, а кредитите во странска валута за 2,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст за 11,8%, а краткорочните кредити за 13,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во февруари 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,18%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 5,68%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,02 п.п. и изнесува 4,45%.




Во февруари 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,19%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 2,73%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 1,68%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,84%, а на новоодобрените девизни кредити 3,81%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,82% и 2,01%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во февруари 2025 година се намали за 29,7% на месечно ниво, во услови на пад на прометот од класичното тргување за 35,5%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 4,1%.




Вкупниот промет на берзата во февруари 2025 година изнесуваше 667 милиони денари, што претставува намалување за 22,1% на годишно ниво.

На крајот на февруари 2025 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесуваше 10.660,7 индексни поени, при што на месечно ниво тој е намален за 1,8%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 56,5%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на февруари 2025 година е 4.861,29 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 3,6%, а во однос на февруари 2024 година девизните резерви се зголемени за 11,8%.